„Ниту еден муслиман нема да упати дова во која нема грев, ниту прекин на роднинските врски, а Аллах да не му даде преку таа дова една од три работи: или ќе му ја исполни веднаш, или ќе му ја зачува за Ахирет, или ќе го заштити од некакво зло во иста мера.“ Асхабите рекоа: „Тогаш да правиме дова уште повеќе.“ А тој одговори: „Аллах ќе даде уште повеќе.“

Ебу Сеид, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Ниту еден муслиман нема да упати дова во која нема грев, ниту прекин на роднинските врски, а Аллах да не му даде преку таа дова една од три работи: или ќе му ја исполни веднаш, или ќе му ја зачува за Ахирет, или ќе го заштити од некакво зло во иста мера.“ Асхабите рекоа: „Тогаш да правиме дова уште повеќе.“ А тој одговори: „Аллах ќе даде уште повеќе.“

[صحيح] [رواه أحمد]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, појаснил дека кога муслиманот ќе упати дова до Аллах, и во неа нема грев – како што е да бара олеснување за да направи грев или неправда – ниту има во неа прекин на роднинските врски – како да направи дова против своите деца или роднини – тогаш Аллах, преку таа дова, му дава едно од три: Или ќе му ја исполни веднаш и ќе му го даде она што го побарал. Или ќе му ја одложи и ќе му ја запише како награда на Судниот ден – во форма на повисок степен, милост или прошка од гревовите. Или ќе го заштити од некакво зло во неговиот живот – според мерата на таа дова. Тогаш асхабите рекле: „Тогаш ќе правиме уште повеќе дова, за да добиеме нешто од тие добрини.“ На тоа Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, одговорил: „Она што е кај Аллах е уште повеќе и поголемо – Неговата дарежливост не се исцрпува и не престанува.“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5100